Уп. бр. 08-121

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ЈАСМИН ДОО Белград (ПАЛИЛУЛА) со седиште на ул.”Дунавска”, бр.31, Палилула, Белград, Република Србија, преку Филип Видески и Никола Апостоловски, адвокати од Скопје , на седницата одржана на ден 25.08.2026 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која ЈАСМИН ДОО Белград (ПАЛИЛУЛА) со седиште на ул.”Дунавска”, бр.31, Палилула, Белград, Република Србија има намера да стеке контрола над Друштвото за трговија и услуги ЈАСМИН ПАРФИМЕРИЈА ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. „Митрополит Теодосиј Гологанов" бр. 72, Скопје, Република Северна Македонија, преку купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да платиадминистративна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 07.08.2026 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација од ЈАСМИН ДОО Белград (ПАЛИЛУЛА) со седиште на ул.”Дунавска”, бр.31, Палилула, Белград, Република Србија со која ЈАСМИН ДОО има намера да стекне контрола над Друштвото за трговија и услуги ЈАСМИН ПАРФИМЕРИЈА ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. „Митрополит Теодосиј Гологанов" бр. 72, Скопје, Република Северна Македонија , преку купопродажба на удели

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

ЈАСМИН ДОО Белград е со предмет на работење трговија на мало со козметички и тоалетни производи во специјализирани продавници, а мнозински содружник во ЈАСМИН ДОО Белград, со удел од 75%, е РАДИКС ДОО Белград (ПАЛИЛУЛА) од Република Србија.

ЈАСМИН ДОО Белград и РАДИКС ДОО Белград немаат регистрирано присуство во Република Северна Македонија ниту остваруват приходи во Република Северна Македонија.

Друштвото за трговија и услуги ЈАСМИН ПАРФИМЕРИЈА ДООЕЛ е со предмет на работење трговија на големо и мало со парфимериски и козметички препарати. Единствен содружник на ЈАСМИН ПАРФИМЕРИЈА ДООЕЛ Скопје е Друштво за трговија и услуги МАТОСС ГРОУП ДОО Скопје, кое друштво има склучено Преддоговор за пренос на целиот удел на ЈАСМИН ПАРФИМЕРИЈА ДООЕЛ Скопје на ЈАСМИН ДОО Белград, со чија реализација ЈАСМИН ДОО Белград ќе стекне единствена контрола врз ЈАСМИН ПАРФИМЕРИЈА ДООЕЛ Скопје.

Другата страна во трансакцијата е Друштвото за трговија на големо и мало и услуги ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје со седиште на ул.”Васил Ѓоргов", бр.16-1/мансарда 1, Центар, Скопје кое преку своите подружници КОСМО Тинекс Дрогерии кои работат под трговскиот знак „Cosmo“, врши трговија на мало со парфимериски и козметички препарати, средства за лична хигиена, средства за хигиена на домот и други производи за широка потрошувачка.

ЈАСМИН ПАРФИМЕРИЈА ДООЕЛ Скопје ќе стекне единствена контрола врз функционално определен дел од претпријатието на ТИНЕКС-МТ, односно ЈАСМИН ПАРФИМЕРИЈА ДООЕЛ Скопје ќе го преземе работењето на четири деловни единици – КОСМО Тинекс Дрогерии, кои како подружници работат под трговскиот знак „Cosmo" (“Целен бизнис”), заедно со залихите на готови производи, опремата и мебелот што се наоѓаат во нив, а преземените продавници ќе продолжат да работат под нов, различен бренд. Учесниците во концентрацијата предвидуваат, најпрво да се спроведе преземањето на работењето на четирите деловни единици – продавници од страна на ЈАСМИН ПАРФИМЕРИЈА ДООЕЛ Скопје, а потоа целокупниот удел во ЈАСМИН ПАРФИМЕРИЈА ДООЕЛ Скопје од Матосс Гроуп ДОО Скопје да се пренесе на ЈАСМИН ДОО Белград. Двете правни работи се меѓусебно условени делови на единствена операција.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**